Подготовка на нов план за дежурства на наставници и ученици со строго определени должности	Ефикасен и ефективен распоред на дежурства во кој ќе бидат опфатени сите наставници согласно распордот на часови и 40 ученици од погорните одделенија според распоред	Наставници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Човечки ресурси	Директор и тимот за следење на годишната програма	Зголемена хигиена Безбедност во ходниците и училниците. Направени анкети за учениците

Стратешка цел 3. Создавање на стратегии за креирање на училишни политики						
Развојна цел 3.1 Изработка и ревидирање на процедурите за организација на работата во училиштето (процедура за училишни политики, ревидирање на останатите, план/процедура за ученици кои подолго отсуствуваат)						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на интерен документ - Процедура за донесување училишни политики	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со ученици и 2 со родители за презентација на Процедурата Презентација на процедурата пред НС и Совет на родители	Наставници Стручни соработници	Учебна 2024/2025	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Донесен интерен документ – Процедура за донесување училишни политики изработена со согласност на училишните органи и тела. Списоци на присутни од секој состанок и презентација Записници од секој состанок и презентација
Ажурирање и ревидирање на Кодексот на однесување со вклученост на сите чинители кои се вклучени во образовниот процес	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со ученици (информирани 60 ученици) и 2 со родители (информирани	Наставници Стручни соработници Ученици Родители Помошен персонал	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Ажуриран Кодекс на однесување Списоци на присутни од секој состанок и презентација Записници од секој состанок и презентација

	40 родители)за презентација на Кодексот на однесување Презентација на Кодексот пред НС и Совет на родители (информирани сите членови)					
Ревидирање на Кодексот за оценување	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со ученици (информирани 60 ученици) и 2 со родители (информирани 40 родители)за презентација на Кодексот на однесување Презентација на Кодексот пред НС и Совет на родители (информирани сите членови)	Наставници Стручни соработници Ученици	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Ажуриран Кодекс на оценување поквалитетно оценување кое ќе дава добра повратна информација и ќе го насочува учењето на учениците во насока на согледување и корегирање на сопствените слабости и подобрување на успехот подобар успех на учениците фер и праведно оценување
Изработка на план/процедура односно програма за Грижа за учениците со здравствени проблеми (ако има потреба во текот на учебната година)	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на	наставници родители стручни соработници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	средби на стручни активи записници	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изработени програми за грижа за учениците со здравствени проблеми кои подолго време отсуствуваат од настава – добри практики од наставници

Изработка на примери на ваква програма од различните предмети и презентација на стручен актив	групата Договорен формат на планот/програмата за грижа за учениците со здравствени проблеми кои подолго време отсуствуваат од настава Одржани 2 (одделенска настава и предметна настава) средби на стручен актив и презентирани добри практики на изработени програми					записници од состаноци на стручни активи списоци од присуство на стручни активи

Развојна цел 3.2 Обука за членовите не УОпреку која ќе ги зголемат сопствените капацитети и знаења за работата на училиштето и одговорноста на УО

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Барање понуда за обука преку акредитирани провајдери и избор на најсоодветната понуда Реализација на обуката за работата на Училишниот одбор	Обучени сите 7 членови на УО за различните аспекти од нивната работа подобрени компетенции на членовите на УО	членови на УО провајдер за спроведување на обука/дисеминација	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	провајдер за обука/дисеминација	Директор и тимот за следење на годишната програма	Списоци на учесници на обуката Училишна евиденција евиденција на Училишниот одбор

Развојна цел 3.3 Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето(Совет на родители, родителски средби, едневник)

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Зголемување на ефикасноста на работата на Советот на	Ревидирана програма за работа на Советот на родители	совет на родители родители наставници директор	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна	средби на соодветните структури записници	Директор и тимот за следење на годишната програма	Подобрена програма за работа на советот на родители

родители преку подобро планирање на програмата за работа на Советот на родители	Зголемена ефикасност во работата на Советот на родители – (одржување на минимум еден месечен состанок, број на покренати иницијативи – минимум 3 во една учебна година) Пишани извештани за споделени информации со други родители	стручна служба училишен одбор	2026/2027 Учебна 2027/2028			спроведени активности по иницијатива на родителите записници од одржаните средби, запписници и извештаи од спроведени иницијативи и извештаи од информации споделени со други родители
Вклучување на родителите во разни видови работилници на различни теми од интерес за родителите посебно работилници за запознавање на родителите со правата на децата	Зголемен процент на родители кои учествуваат на организираните работилници до 50% во учебната 2025 – 2026, споредено со претходната година Зголемен процент на родители кои сметаат дека се запознати со праватана децата до 50% споредено со претходната учебна година кога за прв пат се одржале работилници	совет на родители родители наставници директор стручна служба	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	материјали за работилници стручна литература презентации	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изработени крајни продукти од работилниците кои ќе го прикажат учеството и разбирањето на родителите за темите работени на работилниците Список на присутни

Стратешка цел 4. Формирање на спортски клуб и овозможување услови за функционирање на спортската сала во зимски услови

Развојна цел 4.1 Формирање на училишен спортски клуб за промоција на училиштето и подобрување на психомоторните вештини на учениците

Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Ревидирање на започнатата процедура за формирање на училишен спортски клуб	Прибрани информации за тоа до каде е процедурата за формирање на училишен спортски клуб и добиени насоки за понатамошни активности	Наставници Директор Училишен одбор	Учебна 2024/2025 Учебна	Средби на училишните органи Комјутер и хартија Постоечки документи за формирање на училишен спортски клуб	Директор и тимот за следење на годишната програма	Записници од реализирани активности
Докомплетирање на документацијата потребна за спроведување постапка	Комплетирана документација спремна за аплицирање за регистрирање на Училишен спортски клуб	Директор наставници Училишен одбор	Учебна 2024/2025	Средби на училишните органи Комјутер и хартија Постоечки документи за формирање на училишен спортски клуб	Директор и тимот за следење на годишната програма	Комплетирани документи подготвени за регистрација на училишен спортски клуб

Развојна цел 4.2 Обезбедување на услови за работа на спортскиоит клуб, но и за време на часовите по ФЗО во зимски услови

Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Барање донации во вид на финансиски или материјални средства потребни за инсталирање парно греење	Воспоставување на контакти и барања до различни организации и институци за обезбедување финансиски или материјални средства потребни за инсталирање парно греење	Директор Училишен одбор Совет на родители Локална самоуправа	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средбни на очилишните органи Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Број на поднесени барања Донирани финансиски / материјални средства

7.1. План за евалуација на акциските планови

Со евалуацијата на акциските планови се проверува и утврдува дали акционио план се остварува и се проценува колку добро се остварува, за да може да се преземат корективни активности штом ќе биде неопходно. Следењето ќе се одвива преку: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумите на успех, се нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање проблеми; преку неформални дискусии или формални разговори со учесниците од училиштето за да се добијат повратни информации за активностите, доцнењата, одложувањата, потребните ресурси и почитувањето на роковите и сл.

- Одговорни за следењето - директорот, наставници, ученици училишниот одбор, совет на родители стручните соработници, училишнот Тим за следење и евалуација на годишната програма.

- Критериум за успех ќе претставува нивото и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме.

- Инструменти кои би се користеле: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудувања и опсервации, анализи, извештаи, увид во педагошка и друга евиденција и документација.

- Како индикатори за успешност во зависност од поставената цел би се сметале (на пр., покачување успехот на учениците, намалување на бројот на слаби оценки, зголемениот број заеднички активноси со родителите, зголемениот бројот на различни видови стратегии за оценување/поучување итн.

- Повратната информација за постигнувањата и препораките за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во учењето, вреднување на напредокот на учениците итн. ги дава Комисијата во завршниот извештај за работата на училиштето.

8. Програми за организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организација и работа во основното училиште

Училиштето работи согласно Календарот за работа на основните училишта за учебната 2024/2025 година, кој го пропишува Министерот за образование, а излезе во Службен весник на РСМ, бр. 164 од 08.08.2024 година. Наставната година ќе започне на 1.09.2024 година, а ќе заврши на 31.08.2025 година. Наставната година започнува на 02.09.2024 година а ќе заврши на 10.06.2025 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 30 декември 2024 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година. Во текот на учебната година ќе се реализираат 180 наставни денови со учениците. Учениците ќе користат два подолги одмори: зимски распуст – од 31.12.2024 до 19.01.2025 година и летен распуст по завршувањето на учебната година – 11.06.2025 – 31.08.2025 година.

На денот на училиштето, 25.05.2025 година ќе се организираат културни, спортски и други манифестации.

Календарот за работа на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани, со сите наставни, ненаставни, работни и неработни денови во текот на учебната 2024/2025 година е во прилог бр. 2.1. на оваа програма.

8.2. Поделба на одделенско раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Поделбата на одделенското раководство и на часовите на наставниот кадар го прави директорот, а мислење дава Наставничкиот совет во училиштето. Оваа распределба се прави во август, пред почетокот на учебната година.

Поделбата на одделенско раководство и на часови на наставниот кадар се дадени како прилог бр. 2.2. на оваа програма.

Распоредот на часовите се изработува од комисија формирана од директорот за централното училиште, а за подрачните ги изработуваат наставниците кои работат во истите заеднички. Во распоредот се вклучени задолжителните часови, хор и оркестар, дополнителната и додатната настава, секциите, како и распоред за дежурни наставници. Распоредот се истакнува на првиот училишен ден.

Комисија за изработка на распоредот на часови е во сотав: Сотир Нешкоски – предметен наставник, Светлана Костадиноска – одделенски наставник, Душанка Каравилоска – одделенски наставник и Убавка Бутлеска – педагог.

8.3. Работа во смени

Во централното училиште часовите за првата смена започнуваат во 7.30 часот, а завршуваат во 13.30 часот, а во втората смена започнуваат во 13.00, а завршуваат во 18.00 часот. За учениците од I, II и III одделение во двете смени има предвиден час за прифаќање и испраќање на учениците. Поделбата на учениците во смени е определено од потребата на дел од учениците во предметна настава да патуваат до местото на живеење па тие секогаш се во прва смена.

Во подрачните училишта: во Крушеани (ќе се работи во две смени), во Годивје, Подвис, Славеј и Врбјани од 7.30, а завршуваат во 12.30. За учениците има час за прифаќање од 7.00 часот наутро до 13.10 часот.

Временскиот распоред на часовите во смени со час на почнување и завршување е во прилог бр. 2.3. од оваа програма.

8.4. Јазик на кој се изведува наставата

Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

8.5. Проширена програма

Во училиштето се организира проширена програма за прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение во централното и подрачните училишта, еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на наставата. Со оваа програма опфатени се следниве паралелки со број на ученици, а водени од нивните раководители на паралелката:

Паралелка	Населено место	Број на ученици
I	Кривогаштани	7
II	Кривогаштани	16
III	Кривогаштани	16
I	Крушеани	3
II	Крушеани	6
III	Крушеани	7
I	Врбјани	1
III	Врбјани	2
I	Славеј	4
II	Славеј	5
III	Славеј	2
I	Годивје	1
III	Годивје	2
I	Подвис	1

Проширената програма според која работи училиштето е во прилог бр. 2.4. од оваа програма

8.6. Комбинирани паралелки

Подрачно училиште	Комбинација на паралелки	Име и презиме на наставникот	Број на ученици во паралелката
Крушеани	I и III	Леонора Рујаноска	9
Врбјани	I и III	Дивна Спиркоска	3
Врбјани	IV и V	Душанка Каравилоска	4
Славеј	I и V	Светлана Костадиноска	8
Славеј	II и III	Сашка Комициоска	7
Годивје	I, III и IV	Кристина Чагароска	7

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Како прв странски јазик во училиштето се изучува англискиот јазик во сите паралелки (24) од прво до деветто одделение. Француски јазик се изучува како втор странски јазик и тоа во 8 паралелки, од шесто до деветто одделение.

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделеине

Училиштето има обезбедено и овозможено реализација на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение (согласно препоракгите за тандем настава) да се изведува со тандем наставници во централното и во подрачните училишта. Тандем наставата во училиштето ја изведуваат 3 наставници по физичко и здравствено образование.

8.9. Изборна настава

Постапката за избирање на изборните предмети е врз основа на предложениот наставен план и програмите дадени од БРО, можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците преку анкетни листови во јуни претходната учебна година. Во табелата се дадени изборните предмети кои ќе се изучуваат во ООУ „Манчу Матак“ во учебната 2024/2025 година согласно добиените анкети од учениците и нивните родители:

Одделение		Изборен предмет/слободен изборен предмет	Неделен фонд на часови	Наставник кој ќе го реализира
IV	прво полугодие	- Справување со природни катастрофи - Креативно творештво	2	Одделенските наставници
	второ полугодие	- Цртање/сликање/вајарство - Емоционална писменост	2	Одденеските наставници
V	прво полугодие	- Цртање/сликање/вајарство - Креативно творештво - Моделарство, креативни идеи – направи сам - Финансиска писменост	2	Одденеските наставници
	второ полугодие	- Финансиска писменост - Емоционална писменост - Креативно творештво	2	Одденеските наставници
VI	прво полугодие	Поради големи промени во составот на учениците ќе се избере во септември	2	Предметен наставник
	второ полугодие	Поради големи промени во составот на учениците ќе се избере во септември	2	Предметен наставник
VII	прво полугодие	Поради промените кои се очекуваат во наставните планови, ќе се избере во септември	2	Предметен наставник
	второ полугодие	Поради промените кои се очекуваат во наставните планови, ќе се избере во септември	2	Предметен наставник
VIII		Унапредување на здравјето	2	Предметен наставник
IX		Воспитание за околината	2	Предметен наставник

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани ја планира со годишната програма за работа.

Дополнителната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми. Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. За учениците кои работат согласно новата концепција (I, II, III, IV, V и VI одделение) овие часови влегуваат во делот други активности по задолжителните часови.

Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставникот ја организира и реализира дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние. Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците.

Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава е индивидуална/ индивидуализирана, но може да биде и со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати (на пример: конкретна цел од иста тема од наставната програма).

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот, се користат содветни дидактички средства и материјали, се применува интерактивен пристап и се користат активни методи на учење.

Наставникот дополнителната настава ја евидентира во педагошката евиденција.

Постигањата на ученикот во дополнителната настава не се оценуваат.

Распоредот на дополнителната настава по секој наставен предмет е составен дел од распоредот на часовите во училиштето кој ќе биде дополнително изготвен на почетокот на учебната година. Програмата за дополнителна настава е како прилог бр. 2.7. од оваа програма.

8.11. Додатна настава

Додатната настава ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани ја планира со годишната програма за работа.

Додатната настава се организира за учениците кои работат согласно старата програма, а кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет. За учениците кои работат согласно новата концепција (I, II, III, IV, V, VI одделение) овие часови влегуваат во делот други активности по задолжителните часови.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот.

Секој наставник ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Секој наставник е должен да им понуди на учениците следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е, по правило, со индивидуализирана работа.

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати.

Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот.

Наставникот додатната настава ја евидентира педагошката евиденција.

Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

Распоредот на додатната настава по секој наставен предмет е составен дел од распоредот на часовите во училиштето кој ќе биде дополнително изготвен на почетокот на учебната година. Програмата за додатна настава е како прилог бр. 2.6. од оваа програма.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Овие ученици се опфатени преку реализацијата на програмите за додатна настава и секциите, како и посебнта програма за работа со надарени и талентирани ученици. Оваа учебна година училиштето ќе продолжи со идентификацијата и работата со надарените и талентирани ученици, како заедничка иницијатива на стручните соработници и наставниците во училиштето. Во училиштето има Тим за унапредување на работата со надарени и талентирани ученици. Членови на овој тим за оваа учебна година се: Анета Гулабоска – психолог, Елена Белеска - предметен наставник, Магдалена Дисоска – одделенска наставник и Оливер Конески – предметна наставник Планот за работа со надарени и талентирани ученици е во прилог бр. 2.5. од оваа програма.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Училиштето има формирано инклузивен тим во состав:

1. Наташа Димоска – дефектолог - координатор
2. Убавка Бутлеска - педагог,
3. Анета Гулабоска - психолог
4. Кристина Котеска – родител,
5. Деан Бунески – родител,
6. Елена Белеска – наставник,
7. Милена Чируноска – наставник.

Досега и за оваа учебна година немаме ученици регистрирани со попреченост. Доколку во текот на учебната година родителите успеат да обезбедат документација за образовен асистент издадена од МКФ, истите би биле обезбедени во соработка со ресурсниот центар „Кочо Рацин“ – Битола.

Со останатите ученици кои немаат таков документ, а кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава. Со овие ученици работи индивидуализирано специјалниот едукатор и рехабилитатор, а со поддршка од педагогот и психологот, со дозвола од родител. Дел од активностите за работа со овие ученици се во програмите за работа на стручните соработници.

Планот за работа на инклузивниот тим во училиштето е дел од оваа програма како прилог бр. 1.13.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето немаме ученици кои се вклучени во оваа програма.

8.15. План на образовниот медијатор

Во училиштето немаме ученици кои се вклучени во оваа програма.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето се уште не е завршена процедурата за формирање училишен спортски клуб, но училиштето преку секциите реализира активности за практикување на одредени спортови и учество на меѓуучилишни турнири и натпревари.

Училишните спортови кои се организираат во рамките на училиштето се фудбал и одбојка. Главната цел на активностите на општинските лиги во училишниот спорт е насочена кон практикувањето на спортот како игра која ќе биде прилагодена кон возраста и потребите на учесниците во неа, во која покрај поттикнување на натпреварувачкиот дух кај децата ќе биде насочена и кон дружењето, запознавањето на ученици од други училишта и средини во државата, развивање на колективниот дух како пример за функционирање во заедница и на чувството на фер-плеј како еден од основните принципи на животот во заедницата.

9.2. Секции/клубови

На почетокот на учебната година преку анкетни листови и презентација на секциите и на слободите активности учениците ќе одберат во која секција ќе членуваат во секциите кои им се предложени. Секој ученик има право да одбере најмногу две од секциите во кои ќе учествува. Потоа истите ги посетува со по еден час или активност во текот на неделата согласно однапред определен распоред. Распоредот на одржувањето на секциите е составен дел од распоредот на часовите во училиштето кој е даден во прилог на оваа програма. Оваа учебна година на учениците ќе им бидат понудени следниве секции во прилог 3.1. Тим за координација, реализација и следење на секциите/клубовите: Филип Димески – наставник, Оливер Конески – наставник, Светлана Костадиноска – наставник и Сашка Комициоска – наставник.

9.3. Акции

Училиштето планира бројни активности во текот на целата учебна година преку кои се реализираат заеднички акции од најразличен карактер: општествено-корисни, хуманитарни, еколошки и културни во кои се вклучени голем број ученици, наставници, како и родители и други субјекти од заедницата.

Во училиштето има формирано Тим за за координација, реализација и следење на ученички иницијативи/акции во училиштето (хуманитарна и општествено-корисна работа): **Дијана Каравилоска – наставник,** Наташа Китаноски – наставник, Христина Каравилоска – наставник, Леонора Рујаноска – наставник и Филип Димески – наставник. Планот е во прилог бр. 3.2.

9.4. Јавна и културна дејност и одбележување значајни датуми

Во училиштето посебен акцент се става на одбележувањето на значајните датуми и начинот на кој училиштето пред јавноста се презентира на дел од овие значајни датуми.

За јавна и културна дејност и одбележување на значајни датуми е задолжен тим кој го организира и координира овие активности во состав: **Јане Петкоски – наставник,** Весна Аџеска – наставник, Дејана Тренеска – наставник, Пеце Апостолоски – наставник, Лилјана Стојкоска – наставник и Сашка Комициоска – одделенски наставник. Планот е во прилог бр. 15.

10. Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Во паралелката учениците под раководство на одделенските раководители по демократски пат избираат претседател, заменик и благајник. Претседателот или заменик претседателот потоа е дел од ученичкиот парламент. Планот за работа на зедницата на паралелката е во прилог бр. 1.15. од оваа програма.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите и/или потпретседателите на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент: активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, учествува во евалуацијата на работата на училиштето, преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на

претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Планот за работа на ученичкиот парламент е дел од оваа програма како прилог бр. 1.16.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Воедно се избираат и двајца заменици на правобранителот. Бидејќи досегашните го завршија школувањето во нашето училиште, оваа учебна година во октомври ќе се спроведе нов избор. Планот за работа на ученичкиот правобранител е дел од оваа програма како прилог бр. 1.17.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во училиштето се реализираат задолжителните излети и екскурзии предвидени со Правилникот: два излети во блиската околина и по една екскурзија за учениците од трето, шесто и деветто одделение. Подетално во планот за организација и реализација на истите кој е дел од оваа програма како прилог бр. 4.1. Посетите пак се планираат и на ниво на училиште и на ниво на паралелки. Најчесто се посетуваат саемот за книга, детски фестивали и театарски претстави, но и претпријатија и институции во блиската околина. Тим за за координација, реализација и следење излети, екскурзиии, посети е во соств: Јован Цветкоски – наставник, Татјана Чируноска – наставник, Милена Чируноска – наставник, Менде Станојоски – наставник и Кристина Кожеска – наставник.

Тимовите за изработка на посебните програми за екскурзиите се составени од наставниците кои ќе ја водат истата екскурзија и овие програми дополнително ќе се изработат и приложат за усвојување согласно процедурите од Правилникот за организирање на овие активности.

Училиштето не организира настава во природа.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Немаме такви податоци бидејќи учебните години во овие училишта/клубови (основно музичко училиште, спортски клуб, друштва) се уште не е започанта. Овој список дополнително ќе се достави. Минатата учебна година 38 (15%) ученици посетувале вонучилишни активности, претежно спортски, школи за јазици и основно музичко. Овој мал број се должи на оддалеченоста на местата на живеење на нашите ученици, лошата сообраќајна поврзаност со градовите и слабите финансиски можности на родителите.

12. Натпревари за учениците

Училиштето ги организира натпреварите согласно правилникот за натпревари, а со одобрените акредитирани здруженија. Училиштето планира општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари кои ќе се организираат во текот на учебната година. Се планираат и натпреварите кои ќе ги организира училиштето, во кој период од учебната година, кој може да земе учество и под кои услови. За учениците кои ќе земат учество на натпреварите училиштето обезбедува поддршка од страна на соодветните наставници за подготовка, поддршка од родителите, а од страна на училиштето финансиска за реализација на натпреварите.

Ученичките натпревари се дел од воннаставните активности кои во себе содржат образовни и воспитни компненти. Натпреварите го развиваат натпреварувачкиот дух, ги прошируваат и збогатуваат знаењата и вештините на учениците, овозможуваат остварување контакт со учениците од другите средини и играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

За учениците кои што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво со содржини соодветни на возраста на учениците кои се темелат на наставниот план и наставните програми за основно образование. Натпреварите се организираат за да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделните наставни предмети.

Учениците од нашето училиште планирано е да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво во зависност од резултатите кои ќе ги покажат. За општинските

натпревари за кои може да има поголем интерес меѓу учениците од предвидениот број на учесници (бројот на учесници на општинскиот напревар е ограничен), се изведува училиштен изборен натпревар. Победниците од тој натпревар (потребниот број на учесници) се пласираат за учество на општински натпревар а ако се и тука успешни потоа го претставуваат училиштето на напревари од повисок ранг како што се регионалните и државните натпревари.

За натпреварите учениците се подговотвуваат на додатна настава или во рамки на слободните ученички активности каде што од наставникот – ментор добиваат помош за избор на литература или во вид на проверка на нивните знаења како и насоки за понатамошно продлабочување на знаењата и вештините потребни за учество на натпреварите. Наставникот – ментор навремено ги соопштува информациите за натпреварот на учениците и е во постојан контакт со нив за секаков вид помош и поддршка при подготовките за натпреварите од повисок ранг. Натпреварите ги организираат и изведуваат акредитирани здруженија на наставници на начин и критериуми утврдени од Министерот на предлог на Бирото за развој на образованието.
Организацијата на натпреварите од повисок ранг (општински, регионални и државни), акредитираното здружение на наставници со Правилник за организирање на натпреварите го уредува начинот на организација на поединечните задачи на сите нивоа и во сите етапи од натпреварите. Изборот на учениците за општинскиот натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот на училишниот натпревар. За секој следен натревар (регионален односно државен) учениците се определуваат врз основа на постигнатите резултати и ранг листата од претходните нивоа на натпревари, а во согласност со пропозициите кои што ги пропишува здружението на наставници. Планот за изведување на натпреварите е дел од оваа програма како прилог бр. 4.3. Тимот за за координација, реализација и следење ученички натпревари е во состав: Весна Аческа – наставник, Менде Станојоски – наставник, Елена Белеска – наставник и Кристина Кожеска – наставник.

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето има тим за училишна интеграција во состав: Убавка Бутлеска – педагог, Лилјана Стојкоска – одделенски наставник, Антица Вренцоска – предметен наставник и дополнително ќе се изберат ученици од ученички парламент и ученичкиот правобранител.

Наставниците и учениците ќе соработуваат преку реализација на разни наставни и воннаставни активности кои ќе бидат дадени во прилог на оваа програма. Планот за унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите е дел од оваа програма како прилог бр. 5. Доколку се оствари соработка со друго партнер училиште од регионот кои се дел од друг ентитет ќе се назначи одговорно лице, ќе се испланираат заедничките активности и ќе се определат наставници и ученици кои ќе ги реализираат планираните активности.

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Оваа учебна година ќе се продолжи со реализација на следниве проекти во училиштето:
1. **Антикорупциска едукација на учениците** (МОН), како дел од истоимениот проект кој има за цел да се изработи антикорупциска програма за да се афирмира потребата од воведување на овие програми во редовната настава во образованието како фундаментален чекор кон градење активно граѓанство меѓу младите луѓе и системско менување на сегашната култура на прифаќање на корупцијата. Планот е во прилог на оваа програма како прилог бр. 6.1. Тим за антикорупциска едукација во училиштето: Дијана Каравилоска – наставник, Убавка Бутлеска – педагог, Анета Гулабоска – психолог, Елена Белска – одделенски раководител, Весна Аческа – одделенски раководител и Елена Кадинска – одделенски раководител.
2. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем (МОН) – се интегрират *еколошките содржини* од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение и истите се вметнати во годишните програми кај секој наставник. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, вработените и поширокатa заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата. Планот е во прилог на оваа програма како прилог бр. 6.2. Тим за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем: Менде Станојоски –

наставник – координатор, Убавка Бутлеска – педагог, Магдалена Дисоска – наставник, Елена Кадинска – наставник и Оливер Конески – наставник.

3. **Унапредување на менталното здравје**. Од минатата учебна година нашето училиште планира и реализира активности за развивање на свеста за важноста од менталното здравје, спроведува превентивни активности, а стручните соработници и интервентни активности. Ова продолжува и оваа учебна година со посебен акцент на унапредување на менталното здравје на адолесцентите. Планот е во прилог на оваа програма, бр. 6.3. Тим за унапредување на менталното здравје: Убавка Бутлеска – педагог, Анета Гулабоска – психолог, Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор, Милена Чируноска – одделенски наставник и Ленче Сркески – предметен наставник.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Општиот успех на учениците во учебната 2023/2024 година, кај бројчано оценетите е 3.96 што е незначително подобар од минатата кога беше 3,88, но забележителен е трендот на зголемување на успехот во последните 3 години.

Средниот успех на учениците по предмети во училиштето во одделенска настава е 4,22, а во предметна 3,57. Анализирајќи го успехот по предмети најдобар успех учениците имаат постигнато по изборните предмети, ликовно образование, физичко образование, а најслаб по математика, физика и хемија. Анализирајќи го успехот постигнат по машки и женски, се наметнува заклучокот дека девојчињата се значително поуспешни во поголемиот број одделенија.

Одделение	**Општ успех – учебна 2023/2024 година**
IV	4,43
V	4,10
VI	3,71
VII	3,78
VIII	3,40
IX	3,70
IV-IX	**3,96**

Одделенска настава, учебна 2023/2024 година		По пол:		
		М	Ж	Среден успех:
Задолжителни предмети	Македонски јазик	3,91	4,11	3,98
	Математика	3,91	4,06	3,96
	Англиски јазик	4,09	4,28	4,16
	Природни науки	3,70	4,00	3,80
	Историја и општество	3,70	4,00	3,80
	ТО и информатика	4,24	4,56	4,35
	Музичко о.	4,27	4,44	4,33
	Ликовно о.	4,15	4,67	4,33
	ФЗО	4,67	4,56	4,63
	СИП 1	4,39	4,67	4,49
	СИП 2	4,45	4,67	4,53
	Вкупно:	4,13	4,36	**4,22**

Предметна настава, учебна 2023/2024 година		По пол:		Среден успех:
		М	Ж	
Задолжителни предмети	Макед. ј.	3,11	3,95	**3,53**
	Математика	2,81	3,25	**3,03**
	Англ. ј.	3,25	3,61	**3,43**
	Франц. ј.	3,00	3,77	**3,39**
	Ликовно о.	3,54	4,47	**4,01**
	Музичко о.	3,02	3,93	**3,47**
	Физика	2,66	3,43	**3,02**
	Хемија	2,63	3,43	**3,00**
	Биологија	2,90	3,77	**3,35**
	Географија	3,70	4,07	**3,89**
	Граѓ. образ.	3,08	3,77	**3,40**
	Историја	2,97	3,59	**3,26**
	ФЗО	4,47	4,58	**4,53**
	Етика	3,60	4,38	**4,17**
	Информ.	3,50	3,93	**3,73**
	Иновации	3,42	3,78	**3,63**
	Природни науки	2,82	3,43	**3,10**
	Техничко обр.	3,35	3,71	**3,52**
изборни предмети	Вештини за живеење	3,60	4,54	**4,28**
	Унапред. на здравјето	2,83	4,08	**3,26**
	Восп.за околин.	3,92	4,17	**4,07**
	Шах	5,00	5,00	**5,00**
	Велосипедизам	5,00	5,00	**5,00**
	Вкупно:	**3,25**	**3,89**	**3,57**

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот по предмети и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати и се организира дополнителна настава.

Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор ги детектира учениците со потешкотии и со посебни потреби, со нив реализира индивидуални вежби поддршка и дава допринос за постигнување на целите на секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците.

Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширката општествена јавност како на пример: драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и слично. Училиштето има формирано тим за следење и евалуација на постигањата на учениците: Анета Гулабоска – психолог, Тања Спиркоска – предметен наставник, Милена Граороска Петроска – одделенски наставник и Татјана Чируноска – наставник. Планот за подобрување на постигањата на учениците е дел од оваа програма како прилог бр. 7.1. Активностите кои ги превземаат стручните соработници во однос на поддршката на учениците за подобрување на резултатите се дел од нивните програми за работа кои се дел од оваа програма како прилози.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето има формирано тим за професионална ориентација на учениците кој е одговорен за планирање, организација и реализација на активностите. Овој тим е во состав: Убавка Бутлеска – педагог, Анета Гулабоска – психолог, Елена Кадинска – одделенски раководител, Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор, Весна Ацеска – одделенски раководител, Елена Белеска – одделенски раководител. Оваа учебна година се планираат активности согласно новиот правилник, а дополнително ќе се зголеми квалитетот на работата во ова подрачје по посетената обука на стручните соработници и сите наставници во училиштето.Планот за професионална ориентација е дел од оваа програма како прилог бр. 7.2.

15.3. Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и занемарување, спречување дискриминација

Во училиштето се реализираат превентивни активности за заштита од насилство од злоупотреба и занемарување, спречување дискриминација (прилог бр. 7.3) во кои се планираат активности за промоција на добросостојбата на учениците, нивна заштита од негативни појави како и начини на идентификување, превенирање и интервенирање при насилство.

И оваа учебна година доколу има потреба ќе се постапува согласно Постапката за пријавување и заштита на ученик – жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација за која во училиштето е спроведена целосна постапка за имплементирање. Назанчено е и лице за пријавување насилство и заменик од редовите на стручните соработници и наставниците.

15.4. Грижа за учениците кои поради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава

Училиштето доколку се јави случај на подолго отсуство од настава на ученици поради хронички заболувања или посериозни повреди, планира поддршка на истите и изнаоѓање начини на нивно алтернативно вклучување во наставата со цел да се запази континуитетот и да се постигнат предвидените цели/стандарди на наставата. Планот за овие ученици е како прилог 7.4. од оваа програма.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период (I - III одд.) се оценува описно, во вториот период (IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано на крајот на учебната година. Учениците од третиот период (VII – VIII одд.) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Учениците за учеството во воннаставните активности добиваат описна оценка во додатокот на сведителството.

По предметите каде има и писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи) и истиот се внесува во дневникот на паралелката.

Оценувањето на учениците се врши согласно критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во текот на учебната година систематски се следат, анализираат и вреднуваат постигнувањата на учениците. Тоа е континуиран процес кој секој наставник го реализира во својата секојдневна работа. Оцената е сумативна форма од целокупната активност на ученикот, од неговите писмени и усмени проверки на знаењата, неговиот интерес за време на часот, учество во воннаставните активности и проекти, редовноста во извршувањето на домашните работи како и од следење на дополнителна литература.

За постигнатиот успех на нивните деца родителите се известуваат по секој квалификационен период, најмалку два пати во полугодие.

Доколку има потреба училиштето во текот на учебната година ќе формира комисии за: повторна проверка на знаењето на учениците, испитна комисија за одделенски испит, за поправен испит и испит за побрзо напредување.

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и анализи на наставничките и одделенските совети на крајот од секој квартал. Се изработуваат статистички извештаи за успехот поведението и редовноста на учениците. Се води сметка за ангажирањето на учениците во воннаставните активности.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето има формирано тим следење, анализа и поддршка на оценувањето во состав: Убавка Бутлеска – педагог, Дејана Тренеска – предметен наставник, Душанка Каравилооска – одделенска наставник и Антица Вренцоска - наставник. Тимот изготвува план за следење и анализа на состојбите со оценувањето и унапредување и подобрување на оценувањето и да го организира и реализира истиот; ја следи и врши проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди; ја анализира состојбата со оценувањето во училиштето и дава поддршка на наставниците. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето и унапредување и подобрување на оценувањето е дел од оваа програма како прилог бр. 8.1.. од оваа програма.

Во училиштето се почитува процедурата за поплаки и жалби по добиени оценки, а согласно Законот за основно образование. Родителите редовно, на родителските средби на крајот од учебната година се известуваат за оваа можност и за начинот на кој може да го сторат тоа.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Квалитетот на работата при реализацијата на наставата и воннаставните активности се следи и вреднува преку стручни посети од страна на директорот и стручните соработници во текот на учебната година кај сите наставници кои реализираат настава во училиштето. Планот за стручни посети и следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар е дел од оваа програма како прилог бр. 8.2.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалвација на целокупната работа во текот на тие две години, изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Последната самоевалуација е на крајот од учебната 2023/24 година, па голем дел од наодите од истата се инкорпорирани во оваа годишна програма. Членови на Комисијата за изработка на оваа самоевалуација беа: Анета Гулабоска – психолог, Елена Белеска – предметен наставник, Душанка Каравилоска – одделенски наставник, Милена Граороска Петроска – одделенски наставник и Маријана Папучкоска – родител.

17. Безбедност во училиштето

Училиштето редовно превзема мерки за заштита и спасување пред настанување на пожар: одржување на сите уреди, инсталации и постројки вградени во објектот (електрични, грејни, громобрански); редовно одржување во исправна и функционална состојба на уредите, инсталациите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар (протвпожарни апарати, вантрешна и надворешна хидрантска мрежа.); запознавање на вработените со причините за настанување на пожар, превентивните мерки за заштита од пожар и практична примена на уредите, инсталациите и средствата за заштита и гаснење на пожар (ПП-апарти, хидрантски приклучоци и др.)

Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

Училиштето има изработено план за евакуација на училиштето при елементарни непогоди, во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. Скиците за евакуација се прегледно

нацртани и поставени на видни места во холовите на училиштето. Со истите се запознаваат и учениците и повремено се упатуваат на начинот на евакуација од училиштето.

Училиштето има инсталирано видео надзор и алармен уред, а соработува со полициската станица во Кривогаштани.

Училишните згради се наменски градени за училишта, во голема мера се безбедни за учениците и вработените. Потребно е подобрување на внатрешната и надворешната инфраструктура на ЦОУ и подобрување на состојбата со санитарниот јазол во ПУ во с. Врбјани.

За учениците кои патуваат од населените места: Светомитрани, Врбоец, Милошево, Крушеани, Врбјани, Годивје, Подвис и Кореница обезбеден е бесплатен и безбеден превоз кој ги зема и враќа учениците во нивните домови по завршувањето на часовите.

Училиштето овозможува осигурување на учениците и вработените. Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна основа, а изборот на осигурителни компании се врши согласно закон и по дадено мислење од советот на родители односно наставничкиот совет. Училиштето има формирано тим за лична и колективна заштита и безбедност во состав: Пеце Апостолоски - предметен наставник, Горан Клекачкоски – одделенски наставник, Ленче Сркески - предметен наставник, Татјана Чируноска - предметен наставник, Јане Петкоски - предметен наставник, Александра Цуцулеска - одделенски наставник, Татјана Петреска - предметен наставник и Габриела Ликоска – одделенски наставник. Планот за лична и колективна заштита и безбедност е во дел од оваа програма како прилог бр. 9.

18.Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето и училиштниот двор ја одржуваат 4 хигиеничари во централното и 4 хигиеничари во подрачните училишта. Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.

Состојбата во училиштето на ова поле во сите згради според препораките од интегралната евалуација и последната самоевалуација не е на задоволително ниво, посебно во централото училиште, па затоа ова е еден од приоритетите за работа во училиштето.

18.2. Систематски прегледи

Училиштето во соработка со здравствениот дом во Прилеп организира непречено спроведување на општи и стоматолошки систематски прегледи на учениците. Задолжителните систематски прегледи се вршат во просториите на училиштето во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение. Притоа се води сметка да не се попречува наставата, а учениците се придружувани од одделенскиот раководител.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи и примените задолжителни вакцини како и офталмолошки преглед за детето како услов за запишување и ова во целост се почитува од страна на родителите.

Оваа учебна година предвидени се санитарни прегледи за вработените во училиштето.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом во Прилеп, а се опфатени учениците на возраст од:

- 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање
- 7 години (II одделение) Туберкулоза (со тестирање) (1 доза)
- Детска парализа (1 доза) ; дифтерија, тетанус (1 доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање на 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање
- 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање

Одговорни лица од училиштето се директорот и оделенските раководители.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување. Сите родители при уписот донесоа вакви потврди.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во претходните неколку години во училиштето не се организира оброк за учениците поради немање интерес за истото од страна на родителите. Оваа учебна година повторно ќе понудиме на родителите и доколку има интерес ќе организираме. Учениците својот оброк индивидуално си го обезбедуваат или носејќи си од дома или купувајќи од блиските продавници и пекари. Заради ова училиштето има овозможено подолг голем одмор по вториот час.

Во училиштето во рамките на програмата за грижа за здравјето (прилог бр. 10), но и во дел од наставните и воннаставните активности се планираат и активности за развивање на свеста за консумирање на здрава храна.

Тимот за грижа за унапредување здравјето е во состав: Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор, Елена Кадинска – предметен наставник, Анета Гулабоска – психолог и Мери Граороска – одделенски наставник.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и последиците во случај на прекршување на утврдените правила.

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно правилникот и етичкиот кодекс на однесување.

На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата по катови. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите.

Училиштето има формирано Тим за подобрување на училишната дисциплина: Весна Ацеска – предметен наставник, Анета Гулабоска – психолог, Јован Цветкоски – предметен наставник и претставник од ученичкиот парламент. Планот за подобрување на дисциплината е дел од оваа програма како прилог бр. 11.1.

19.2. Естетско функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да придонесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување.

Во училиштето се води сметка за естетското и функционално уредување на училниците и холовите. При тоа по холовите и училниците има голем број паноа, видни весници, изработки од учениците, свежо цвеќе. Во рамките на можностите се води сметка и за функционалноста на просторот, кое исто така е ограничено со веќе постоечките згради и распоред на простории со кои располагаме.

Училиштето има формирано Тим од вработените и претставници од ученичкиот парламент кој има изработено план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето во состав: Габриела Ликоска – одделенски наставник, Стојан Дурланов – предметен наставник, Татјана Петреска – предметен наставник, претставник од ученички парламент, Вера Богеска – помошен работник ЦОУ и Оливер Бутракоски – помошен работник ПУ. Овој план е дел од оваа програма како прилог бр. 11.2.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има кодекс за однесување со кој се запознаени сите структури во училиштето и произлегува од куќниот ред на училиштето - прилог бр. 11.4. Кодексот е поставен на видно место во училиштето. Истиот во текот на првото полугодие ќе се предложи да се иновира.

Училиштето има кодекс за ненасилно однесување кој е донесен со од сите засегнати страни и со кој се запознаени сите структури во училиштето.

Училиштето има етички кодекс за оценување кој е донесен со од сите засегнати страни и со кој се запознаени сите структури во училиштето.

Училиштето има правилник за користење на мобилните телефони кој е донесен со од сите засегнати страни и со кој се запознаени сите структури во училиштето.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Односите меѓу сите вработени во училиштето е добар (според резултатите од самоевалуацијата). Најголем број од наставниците се подготвени за соработка и одговорно ги извршуваат дадените задолженија.

Училиштето има Тим за подобрување на односите меѓу сите структури во училиштето кој изготви план и ќе се грижи за подобрување на овие односи во состав: Даниела Мицеска – директор, Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор**,** Пеце Апостолоски – предметен наставник, Сашка Комициоска – одделенски наставник ПУ, Дејана Тренеска – предметна наставник ЦОУ, Вера Богеска – помошен работник ЦОУ и Роберт Пејоски – помошен работник ПУ. Планот е дел од оваа програма како прилог бр. 11.3.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Врз основа на самоевалуацијата на наставниците и стручните соработници, интегралната евалуација и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи. Планот за професионален развој е дел од Годишната програма како прилог бр.12 .

Во нашето училиште постои Тим за професионален развој на наставниците во чиј состав се: Даниела Мицеска – директор, Антица Вренцоска – претседател на стручен актив – предметна настава, Магдалена Дисоска - претседател на стручен актив – одделенска настава и Убавка Бутлеска – педагог.

20.2. Активности за професионален развој

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции

Согласно личните планови за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.

Оваа учебна година наставниците и стручните соработници ќе имаат можност да посетат по две обуки овозможени од БРО и МОН за подобрување на нивната работа. Подетално во планот за професионален развој.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. (подетално во програмата за професионален развој и програмите на стручните активи) кои се во прилог на оваа програма, бр. 1.10. и 1.11.

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

20.3. Личен професионален развој

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции,

а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни. Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

20.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени и нагледни часови, работилници, дебати и сл.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето. Оваа учебна година нагледните часови ќе бидат со цел: користење на современи методи и техники во наставата, професионалната ориенација на учениците, активности за подобрување на добросостојбата на учениците и начинот на оценување.

Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на заедница на учење. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во нашето училиште еден наставник – Дијана Каравилоска има звање наставник ментор. При следен повик ќе се мотивираат и поддржат и други наставници за кариерен развој.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите се вклучени и партиципацираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителските средби и Училишниот одбор.

Во училиштето функционира Советот на родители кој се состанува еднаш на два месеци, а може и почесто. Составен е од родители од сите паралелки во училиштето (24). На почетокот на учебната година се ажурираат членовите (завршени ученици, недоаѓање на средби). Работи согласно својата програма за работа (дел од оваа програма како прилог бр. 1.7.) во која се планираат активности за соработка со училиштето и заедничко решавање на проблемите. Во програмата за работа се планира информирање на родителите, давање идеи, предлози и се донесуваат одлуки преку советот на родители и училишниот одбор.

Училиштето е постојано отворено за родителите. Но, за да не се попречува наставата, средбите со наставниците може да бидат во точно определен термин во неделата. На огласната табла во училиштето е истакнат распоредот за прием на родителите (наставник, ден во неделата и време), кога може да дојдат родителите на разговор или консултации.

Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето соработката меѓу родителите и училиштето ќе се остварува и преку:

- индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители и предметните наставници;
- индивидуални и групни контакти и соработка на родителите со стручните соработници и директорот;
- родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални и групни;
- родителски средби на ниво на училиште;
- едукација на родителите.

Индивидуалните средби со родителите ќе се остваруваат во текот на целата учебна година. Родителски средби на ниво на паралелка ќе се реализираат задолжително 4 - 5, а по потреба и повеќе во текот на оваа учебна година, на кои покрај информирањето за успехот и

поведението на учениците ќе се разгледуваат и други актуелни прашања значајни за паралелката.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано и континуирано непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, па и во учењето. Преку родителските средби, индивидуални средби, состаноците со Советот на родители и Училиштниот одбор редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници и од нивните деца. Училиштето има формирано тим за соработка со родителите, локалната средина и заедницата. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти. Предвидена е и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците.

Советот на родители, а и родителите на родителските средби постојано учествуваат со свои предлози и иницијативи за воннаставните активности. Постојано се известувани и самостојно одлучуваат при организирањето на екскурзиите во однос на програмата за реализација на екскурзијата: релацијата, цената, агенцијата. Редовно учествуваат во еколошките акции, општествено – хуманитарните активности и приредбите како непосредни учесници, помагатели и подржувачи.

Сите овие активности се подетално изложени во планот за соработка со родителите кој е дел од оваа програма како прилог бр. 13. Тим за соработка со родителите/старателите во состав: Анета Гулаобска – психолог, Убавка Бутлеска – педагог, Мери Граороска – одделенски наставник, Милена Граороска Петроска – одделенски наставник и Елена Белеска – предметна наставник.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати и брошури. Организира советодавно-консултативни работилници-индивидуални и групни и др. Сето ова подетално во планот за соработка со родителите, како и во програмите за работа на стручните соработници.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето е во секојдневна пишана, електронска и лична комуникација со претставници од локалната самоуправа во вид на состаноци, неформални и формални средби.

Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посети на институции и фирми, преку собири, акции и прослави во и надвор од училиштето.

На веб страната од општината и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, на проектите и слично. Со општината се соработува и во однос на реализацијата на проекти кои се иницирани од општината и во кои учествуваат образовните институции.

Се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, поетски читања, театар, ликовни колонии.

Училиштето секојдневно соработува и со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), Сектор за основно образование како дел од општината (консултации и совети, барања, доставувања), основните училишта во непосредна близина, други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици) и факултети (предавања, вежбална за студенти, истражувања), фондации (реализација на проекти) и др.

Поради важноста, училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: локалните амбуланти, медицински центар – Прилеп (систематски прегледи, стоматолози и имунизација), центар за социјални грижи, Ресурсниот центар во Битола, Комисијата за МКФ, логопеди од Прилеп итн.

Со цел на промоција, училиштето има веб страна и своја страна на социјалната мрежа facebook. Ќе соработуваме и со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др.

Лице за контакт со медиуми од училиштето е директорот Даниела Мицеска, со задача да да го претставува училиштето и училишните активности пред јавноста, да организира настани и активности програмата и проектире кои се реализираат и нивна промоција пред медиумите и јавноста, да ги координира активностие за известувања, соопштенија и промоција на училиштето или да овласти друг тоа да го прави.

Со цел успешна промоција на училиштето има формирано тим за комуникација со јавноста и промоција на основното училиште, а активностите во однос на ова се предвидени во планот кој е составен дел на оваа програма како прилог бр. 14. Тим за комуникација со јавноста и промоција на основното училиште: Елена Кадинска – наставник, Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор, Весна Аческа – предметен наставник и Душанка Каравилоска – одделенски наставник.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на имплементацијата на годишната програма за работата на училиштето се врши квартално, по тромесечија и тоа по подрачјата определени согласно самоевалуацијата. Одговорни за ова се членоците на Комисија за следење и евалуација на Годишната програма, а ќе се одвива преку:

- увид во работата на наставниците
- увид во постигањата на учениците
- протоколи за следење на часови
- дискусии
- прашалници
- записници
- извештаи

Со наодите од ова следење редовно се информираат: Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор и Локалната самоуправа.

Подетално во планот кој е во прилог на оваа програма бр. 16.

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на реализацијата Годишната програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ од 2023/2024 година ќе ја врши Комисијата за следење на реализацијата на Годишната програма за работа, а за истото ќе го запознае Училишниот одбор преку извештај на крајот учебната година.

Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од учебната година преку заклучоци и дадени препораки.

Евалуацијата ќе се врши преку: увид во работата на наставниците; увид во соработката со родителите; увид во постигањата на учениците; увид во состојбата; протоколи за следење на часови и активности; дискусии; прашалници; записници; извештаи.

25. Заклучок

Со цел изработување на годишната програма на ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, се пристапи кон разгледување на извештајот за работа на училиштето од претходната година, од спроведената самоевалуација во училиштето во периодот од 2022/2023 и 2023/2024 година, приоритетите одделени за оваа учебна година во Развојната програма 2024 - 2028, резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ.

За изработката на дел од програмата кои беа покриени со акциски планови како прилози, а бараше поголемо и заедничко ангажирање училиштето формираше посебни тимови и/или комисии кои ги изработија и доставија до Комисијата за изработка на годишната програма.

Потоа Комисијата ги разгледа сите доставени материјали, анализи, извештаи и слично и ја оформи оваа програма.

Предлог годишната програма за работа на училиштето ќе биде дадена на разгледување на наставничкиот совет, советот на родители и училиштниот одбор, а потоа со сите останати забелешки ќе се испрати на усвојување кај оснивачот.

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа:

1. Даниела Мицеска – директор
2. Убавка Бутлеска – педагог
3. Дејана Тренеска – предметен наставник
4. Елена Кадинска – предметен наставник
5. Христина Каравилоска – одделенски наставник
6. Мери Граороска – одделенски наставник
7. Ана Цветкоска - ученик

27. Користена литература

- Закон за основно образование
- Закон за наставници и стручни соработници
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статут на училиштето
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Наставен план за основно образование
- Годишни програми на училиштето од претходните четири години
- Извештаи за работата на училиштето од претходните четири години
- Извештај од интегралната евалуација на училиштето во 2024 година
- Програмата за развој на училиштето 2024-2028 година,
- Самоевалуација на училиштето за периодот од 2022- 2024 година.

Кривогаштани, 14.08.2024 година МП Директор:_____

Даниела Мицеска

ПРИЛОЗИ
КОН ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „МАНЧУ МАТАК“ – КРИВОГАШТАНИ

1. Годишна програма за работа
1.1. директор,
1.2. педагог
1.3. психолог
1.4. специјален едукатор и рехабилитатор
1.5. библиотекар
1.6. училиштен одбор,
1.7. совет на родители,
1.8. наставнички совет,
1.9. одделенски совети,
1.10. стручен актив – одделенска
1.11. стручен актив - предметна,
1.13. училиштен инклузивен тим
1.14. хор и оркестар,
1.15. заедница на паралелката,
1.16. ученички парламент,
1.17. ученички правобранител.

2. Организација на работата во основното училиште
2.1. Календар
2.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар,
2.3. Распоред на часови (организација на часови) Распоред на дежурни наставници
2.4. Проширена програма
2.5. Работа со надарени и талентирани ученици
2.6. Програма за додатна настава
2.7. Програма за дополнителна настава

3. Воннаставни активности
3.1. Секции и/или клубови
3.2. Ученички акции (општествено-корисна и хумана дејност)

4. Вонучилишни активности
4.1. Програми за екскурзии и излети
4.2. Програма за реализација на ученички натпревари

5. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

6. Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето - Проекти што се реализираат во основното училиште
6.1. Антикорупциска едукација
6.2. Еколошко образование
6.3. Унапредување на менталното здравје

7. Поддршка на учениците
7.1. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
7.2. План за професионална ориентација на учениците
7.3. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
7.4. План за гижа за учениците кои поради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава

8. Оценување
8.1. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
8.2. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
9. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

10. Програма за грижа за здравјето
11. Училишна клима
11.1. Програма за подобрување на училишната дисциплина
11.2. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
11.3. План за подобрување на односите меѓу сите структури во училиштето
11.4. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор) – Куќен ред
12. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
13. Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
14. Програма за соработка со локална средина и локална заедница
15. Програма за јавна и културна дејност на училиштето
16. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште